# Божествена
# Литургија
# на светиот отец наш Јован Златоуст

Ѓаконот: Благослови, Владико.

Свештеникот: Благословено е Царството на Отца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Ѓаконот ја говори Мирната ектенија, а Народот на секое молење одговара: **Господи помилуј.**

Во мир на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За вишен мир, и спасение на нашите души, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За мир на целиот свет, за благосостојба на светите Божји Цркви, и соединување на сите, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За овој свет храм, и за оние кои со вера, побожност, и страв Божји влегуваат во него, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За Архиепископот (или: Митрополитот, или: Епископот) наш (името), чесното презвитерство, во Христа ѓаконството, за сиот клир, и Народот Божји, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За благоверниот Народ наш, и за христољубивата војска, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За да совојува и покори под нозете негови секаков непријател и противник, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За овој град (или: ова село, или: оваа света обител), за секој град, земја, и за оние кои со вера живеат во нив, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За благорастворување на воздухот, изобилие на плодови земни, и времиња мирни, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За оние кои пловат, патуваат, боледуваат, страдаат, за заробените, и за нивното спасение, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За да нè избави од секаква скрб, гнев, опасност, и нужда, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нè Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Спомнувајќи ја Пресветата, пречиста, преблагословена, славна Владичица наша, Богородица и секогашдјева Марија, со сите Светители, самите себе и едни на другите, и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народот: **Тебје Господи.**

Возглас:

Зашто Тебе Ти прилега секоја слава, чест, и поклонение, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Народот го пее првиот Антифон со пратечките стихови: **Молитвами Богородици, Спасе, спаси нас**, или го пее од типичните 102-от псалм.

## Псалм 102

**Благослови, душе моја, Господа, благословен јеси, Господи.**

**Благослови, душе моја, Господа, и всја внутрењаја моја, имја свјатоје Јего.**

**Благослови, душе моја, Господа, и не забивај всјех**

воздајаниј Јего.

Очиштајуштаго всја беззаконија твоја, исцјељајуштаго всја недуги твоја.

Избављајуштаго от истлјенија живот твој, вјенчајуштаго тја милостију и штедротами.

Испољњајуштаго во благих желаније твоје, обновитсја јако орља јуност твоја.

Творјај милостини Господ, и судбу всјем обидимим.

Сказа пути Своја Мојсеови, синовом Израилевим хотјенија своја.

штедар и милостив Господ, долготерпјелив и многомилостив.

Не до конца прогњеваетсја, ниже во вјек враждует.

Не по беззаконијем нашим сотворил јест нам, ниже по грјехом нашим воздал јест нам.

Јако по висотје небесњеј от земли, утвердил јест Господ милост Своју на бојаштихсја Јего.

Јелико отстојат востоци от запад, удалил јест од нас беззаконија наша.

Јакоже штедрит отец сини, уштедри Господ бојаштихсја Јего.

Јако Тој позна созданије наше, помјану јако перст јесми.

Человјек јако трава дније јего, јако цвјет селниј тако оцвјетет.

Јако дух проиде в нем, и не будет, и не познает ктому мјеста своего.

Милост же Господња от вјека и до вјека на бојаш-

тихсја Јего.

И правда Јего на синјех синов храњаштих завјет Јего, и помњаштих заповједи Јего творити ја.

Господ на небеси уготова престол Свој, и царство Јего всјеми обладает.

Благословите Господа, вси ангели Јего, силниј крјепостију, творјаштиј слово Јего, услишати глас словес Јего.

Благословите Господа, всја сили Јего, слуги Јего, творјаштиј вољу Јего.

Благословите Господа, всја дјела Јего, на всјаком мјестје владичества Јего, благослови, душе моја, Господа.

Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу, и ниње и присно и во вјек и вјеков. Амин.

Благослови, душе моја, Господа, и всја внутрењаја моја, имја свјатоје Јего.

Благословен јеси, Гоподи.

Ако е Владичин или Богородичен празник, или попразненство, или оддание на Владичин или Богородичен празник, се пеат Антифоните, на празникот.

По завршувањето на Антифонот, Ѓаконот говори Мала ектенија:

Пак и пак во мир на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нѐ Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Спомнувајќи ја Пресветата, пречиста, преблагословена, славна Владичица наша, Богородица и секогашдјева Марија, со сите Светители, самите себе и едни на другите, и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народот: **Тебје Господи.**

Возглас:

Зашто Твоја е власта и Твое е Царството, и силата, и славата на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Во недела или во периодот на Пасхалните денови, Народот го пее вториот Антифон: **Спаси ни, Сине Божји, воскресиј из мертвих, појуштија ти Алилуја** (а во останатите денови се пее: **Спаси ни, Сине Божји, во свјатих дивен си, појушти ја ти Алилуија.**), или го пее од типичните 145-от псалм.

**Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу.**

## ПСАЛМ 145

**Хвали душе моја, Господа.**

**Восхваљу Господа в животје мојем, поју Богу мојему дондеже јесам.**

**Не надјејтесја на књази, на сини человјеческија, в нихже њест спасенија.**

**Изидет дух јего, и возвратитсја в земљу своју, в тој ден погибнут всја помишљенија јего.**

Блажен, јемуже Бог Јаковл помоштник јего, упованије јего, на Господа Бога својего.

Сотворшаго небо и земљу, море, и всја, јаже в них, храњаштаго истину во вјек.

Творјаштаго суд обидимим, дајуштаго пишту алчуштим. Господ рјешит окованија,

Господ умудрјајет сљепци. Господ возводит низверженнија, Господ љубит праведники.

Господ хранит пришелци, сира и вдову примет, и пут грјешних погубит.

Воцарисја Господ во вјек, Бог твој, Сионе, в род и род.

И ниње и присно и во вјек и вјеков. Амин.

Јединороднij Сине, и Слове Божиј, безсмертен Сиј, и изволивиј спасенија нашего ради воплотитисја од Свјатија Богородици, и Приснодјеви Марии, непреложно вочеловјечивијсја, распнијсја же Христе Боже, смертију смерт поправиј, једин сиј Свјатија Тројици, спрослављаемиј Отцу и Свјатому Духу, спаси нас.

Ѓаконот доаѓа на вообичаеното место и говори Мала ектенија:

Пак и пак во мир на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нè Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Спомнувајќи ја Пресветата, пречиста, преблагословена, славна Владичица наша, Богородица и секогашдјева Марија, со сите Светители, самите себе и едни на другите, и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народот: **Тебје Господи.**

Возглас:

Зашто Си добар и човекољубив Бог, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Се пее третиот Антифон или Блаженствата.

**Блажени ништиј духом, јако тјех јест царство небесноје.**

**Блажени плачуштиј, јако тиј утјешатсја.**

**Блажени кротциј, јако тиј насљедјат земљу.**

**Блажени алчуштиј и жаждуштиј правди, јако тиј наситјатсја.**

На 8 стихови

**Блажени милостивиј, јако тиј помиловани будут.**

**Блажени чистиј сердцем, јако тиј Бога узрјат.**

На 6 стихови

**Блажени миротворци, јако тиј синове Божиј нарекутсја.**

Блажени изгнани правди ради, јако тјех јест царство небесноје.

На 4 стихови

Блажени јесте, јегда поносјат вам, и ижденут, и рекут всјак зол глагол на ви лжуште мене ради.

Радујтесја и веселитесја, јако мзда ваша многа на небесјех.

Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу

И ниње и присно, и во вјеки вјеков. Амин.

Во парохиските храмови има обичај наместо третиот Антифон или Блаженствата, во недела да се пее воскресниот отпустителен тропар, а во обичните денови, отпустителниот тропар на светителот на денот. За време на пеењето на последниот тропар од Антифонот или богородичниот на Блаженставата, се извршува Малиот вход.

Ѓаконот: Премудрост, исправете се!

Народот во недела: Пријдите, поклонимсја и припадем ко Христу, Спаси ни, Сине Божиј, воскресиј из мертвих, појуштија ти: Алилуја.

А во другите денови: Пријдите, поклонимсја и припадем ко Христу, Спаси ни, Сине Божиј, во свјатих дивен сиј, појуштија ти: Алилуја.

На Владичините празници се пее карактеристично Входно. По завршувањето на входната песна се пеат тропарите и кондаците.

Последниот кондак го пеат свештенослужителите од олтарот, а откако тој се испее Ѓаконот говори:

На Господа да се помолиме!

Народот: **Господи помилуј.**

Свештеникот: Зашто Свет Си Боже наш и Тебе слава ти вознесуваме, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш,

Ѓаконот: и во вековите на вековите.

Народот: **Амин. Свјатиј Боже, Свјатиј Крепкиј, Свјатиј Безсмертниј, помилуј нас.** (3 пати). По **Слава и ниње... Свјатиј Безсмертниј, помилуј нас**, Ѓаконот возгласува: Сила, а Народот уште еднаш пее: **Свјатиј Боже...** Во некои празнични денови наместо: **Свјатиј Боже...** се пее: **Јелици во Христа крестистесја во Христа облекостесја. Алилуја.** (3 пати), или: **Кресту Твојему поклањајемсја, Владико, и свјатоје воскресеније Твоје славим.** (3 пати)

Кога Божествената Литургија ја служи Епископ, по: **Амин**, Народот пее 2 пати: **Свјатиј Боже**, или она што се пее наместо тоа, потоа, свештенослужителите во олтарот го пеат еднаш истото. Потоа еднаш пее Народот, па уште еднаш свештенослужителите во олтарот. Народот: **Слава и ниње... Свјатиј Безсмертниј, помилуј нас**, или она што се пее наместо тоа.

Потоа, свештенослужителите во олтарот пеат: **Свјатиј Боже**, или она што се пее наместо тоа,

а Епископот говори: Господи, Господи, погледни

од небото и види, и посети го ова лозје, и утврди го, зашто го насади Твојата десница.

Народот: Ис пола ети Деспота.

Свештенослужителите во олтарот: **Свјатиј Крепкиј,** или она што се пее наместо тоа,

а Епископот повторно: Господи, Господи, погледни од небото и види...

Народот: Ис пола ети Деспота.

Свештенослужителите во олтарот: **Свјатиј Безсмертниј**, или она што се пее наместо тоа,

а Епископот по трет пат: Господи, Господи, погледни од небото и види...

Народот: Ис пола ети Деспота.

Свештенослужителите во олтарот: **Помилуј нас**, или она што се пее наместо тоа.

Ѓаконот возгласува: Сила, а Народот уште еднаш пее: **Свјатиј Боже...** или она што се пее наместо тоа.

Кога Божествената Литургија ја служи Епископ, по завршувањето на Трисветата песна се пеат многулетствија.

Ѓаконот од дверите возгласува: **Господи спаси благочестивија.**

Свештенослужителите од олтарот пеат: **Господи спаси благочестивија.**

Ѓаконот повторно возгласува: **Господи спаси благочестивија.**

Народот одговара: **Господи спаси благочестивија.**

Ѓаконот по трет пат возгласува: **Господи спаси благочестивија.**

Народот повторно одговара: **Господи спаси благочестивија.**

Потоа Ѓаконот возгласува исто така од дверите: **И услиши ни.**

Свештенослужителите од олтарот пеат: **И услиши ни.**

Потоа Ѓаконот од амвонот произнесува прво многулетствие за Архиепископот, а потоа за Епископот, односно Епископите кои литургисуваат: (Името) **Блажењејшему,** (или: **Високопреосвјаштењејшему,** или: **Преосвјаштењејшему**) **и богопроизведенему Архиепископу** (или: **Митрополиту**, или: **Епископу**), **свјатјејшија Архиепископии** (или: **Митрополии,** или: **Епископии**) (името), **нам же, отцу и пастироначалнику,** (или: **свјаштеноначалнику**), **многаја лета.**

Народот со пеење го повторува многулетствието за Архиепископот, а за Епископот кој началствува со Литургијата и Епископот домаќин, многулетствие прво пеат свештенослужителите во олтарот, а потоа народот уште два пати. Доколку со Литургијата началствува Архиепископот, тогаш прво се произнесува многулетствие за Патријархот.

По завршувањето на многулетствијата, Ѓаконот говори: Да внимаваме.

Свештеникот: Мир на сите.

Народот: **И духови твојему.**

Читачот го говори стихот на Прокименот пред Апостолот.

Ѓаконот: Премудрост.

Читачот го кажува насловот на перикопата од Апостолот.

Ѓаконот: Да внимаваме.

По завршувањето на Апостолот, Свештеникот говори: Мир тебе кој читаше.

Народот пее: **Алилуја.** (3 пати)

Ѓаконот: Премудрост, исправени да го чуеме светото Евангелие.

Свештеникот благословувајќи го Народот, вели: Мир на сите.

Народот: **И духови твојему.**

Ѓаконот: Читање од светото Евангелие според (името).

Народот: **Слава Тебје, Господи, слава Тебје.**

Свештеникот или вториот Ѓакон: Да внимаваме!

По завршувањето на читањето на светото Евангелие, Свештеникот го благословува Ѓаконот велејќи му:

Мир тебе кој благовестеше.

Народот: **Слава Тебје, Господи, слава Тебје.**

Потоа, Ѓаконот говори ектенија:

Даречеме сите, од сета душа и од сета мисла наша да речеме.

Народот: **Господи помилуј.**

Господи, Седржителе, Боже на Отците наши, Ти се молиме услиши и помилуј.

Народот: **Господи помилуј.**

Помилуј нѐ Боже, по големата милост Твоја, Ти се молиме, услиши и помилуј.

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Уште се молиме, за благоверните и православни Христијани.

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Уште се молиме, за Архиепископот (или: Митрополитот, или: Епископот) наш (името).

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Уште се молиме, за браќата наши, свештеници, свештеномонаси, свештеноѓакони, и монаси, и сите во Христа браќа наши.

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Уште се молиме, за блажените и секогаш спомнувани ктитори на овој свет храм (или: оваа света обител), и за сите поранопочинати отци и браќа наши, кои лежат овде и за православните насекаде.

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Уште се молиме, за милост, живот, мир, здравје, спасение, посетување, простување и отпуштање на гревовите, на слугите Божји, сите благоверни и православни Христијани, кои живеат и престојуваат во овој град (или: ова село), парохијаните, настојателите и браќата на овој свет храм (или: оваа света обител).

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Уште се молиме, за плодоносците и добрачинителите во овој свет и сечесен храм, за оние кои се трудат, кои пеат, и за присутниот Народ кој очекува од Тебе голема и богата милост.

Народот: **Господи помилуј.** (3 пати)

Свештеникот: Зашто си милостив и човекољубив Бог, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Ѓаконот произнесува ектенија за катихумените.*

Помолете се катихумени на Господа.

Народот: **Господи помилуј.**

Верни, за катихумените да се помолиме.

---

* Катихумени – во црковнословенскиот превод: оглашени, буквално значи прислушници (оние кои се поучуваат слушајќи).

Народот: **Господи помилуј.**

Господ да ги помилува.

Народот: **Господи помилуј.**

Да ги поучи со словото на вистината.

Народот: **Господи помилуј.**

Да им го открие Евангелието на правдата.

Народот: **Господи помилуј.**

Да ги присоедини во Својата света соборна и апостолска Црква.

Народот: **Господи помилуј.**

Спаси, помилувај, заштити и сочувај ги Боже, со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Катихумени, главите ваши пред Господа приклонете ги.

Народот: **Тебје Господи.**

Свештеникот: Та и тие со нас да го слават пречесното и великолепно име Твое, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Ѓаконот: Сите кои сте катихумени, излезете, катихумени излезете.

Сите кои сте катихумени, излезете, никој од

катихумените [да не остане].

Сите кои сте верни, пак и пак во мир на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нѐ Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Ѓаконот: Премудрост.

Свештеникот: Зашто Тебе Ти прилега секаква слава, чест и поклонение, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Ѓаконот: Пак и пак во мир на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нѐ Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Ѓаконот: Премудрост.

Свештеникот: Како под власта Твоја секогаш чувани, Тебе слава Ти вознесуваме, на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

И почнува да ја пее херувимската песна: **Иже херувими, тајно образујуште, и животворјаштеј Троицје трисвјатују пјесн припјевајуште, всјакоје нињe житејскоје отложим попеченије.**

## ГОЛЕМ ВХОД

На Големиот вход Ѓаконот со висок глас говори:

Сите вас, да ве спомне Господ Бог во Царството Свое, постојано, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот на солеата, држејќи го светиот путир, завртен кон Народот ги споменува:

Архиепископот (или: Митрополитот, или: Епископот) наш (името) и сите во Христа браќа наши; Благоверниот Народ наш и христољубивата војска; Оние кои живеат или престојуваат во овој град (или: ова село, или: оваа света обител); Парохијаните, настојателите, помагачите и украсувачите на овој храм, и сите вас кои дојдовте на ова Божествено Тајноводство, да ве спомне Господ Бог во Царството Свое, постојано, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Блажените и секогашспомнувани ктитори, возобновувачите и оние кои подаруваат на овој свет храм, оние кои се бореа и паднаа за верата и татковината и сите упокоени отци и браќа наши со на-

деж на воскресение и живот вечен, да ги спомене Господ Бог во Царството Свое, постојано, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

По завршувањето на Големиот вход, народот пее: **Јако да Царја всјех подимем ангелскими невидимо дориносима чинми. Алилуја. Алилуја. Алилуја.**

На Велики четврток и на Велика сабота, наместо: **Иже херувими...** се пеат други тропари кои се приложени во додатокот.

Ѓаконот говори ектенија:

Да ја дополниме нашата молитва пред Господа.

Народот: **Господи помилуј.**

За предложените чесни дарови, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За овој свет храм и оние кои со вера, побожност и страв Божји влегуваат во него, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За да нè избави од секаква скрб, гнев, опасност и нужда, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нè Боже

со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Цел ден, совршен, свет, мирен и безгрешен, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Ангел на мирот, верен водител, чувар на нашите души и тела, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Простување и отпуштање на нашите гревови и погрешки, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Добро и полезно за душите наши и мир во светот, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Останатото време од нашиот живот во мир и покајание да го завршиме, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Христијански крај на нашиот живот, безболесен, непосрамен, мирен и добар одговор на страшниот Христов суд, молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Спомнувајќи ја Пресветата, пречиста, преблагословена, славна Владичица наша, Богородица и секогашдјева Марија, со сите Светители, самите себе и едни на другите, и сиот наш живот на Хри-

ста Бога да го предадеме.

Народот: **Тебје Господи.**

Свештеникот: По милосрдието на единородниот Твој Син со Кого Си благословен, со сесветиот и благ и животворен Твој Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот благословувајќи го Народот вели:

Мир на сите.

Народот: **И духови твојему.**

Ѓаконот: Да се љубиме едни со другите, во едномислие да исповедаме.

Народот: **Отца и Сина и Свјатаго Духа, Тројицу јединосуштнују и нераздељнују.**

Кога сослужуваат повеќе свештенослужители се пее: **Возљубљу Тја, Господи, крјепосте моја, Господ утверждените моје, и прибјежиште моје, и избавител мој.**

Потоа Ѓаконот возгласува: Двери, двери, во премудрост да внимаваме!

Народот го чита Символот на верата:

**Верувам во едниот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и земјата и на сѐ видливо и невидливо.**

**И во едниот Господ Исус Христос, Син Божји, единороден, Кој е роден од Отца пред сите векови,**

Светлина од Светлина, Бог вистинит од Бога вистинит, роден, не створен, едносуштен на Отца, преку Кого сè бидна.

Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небесата и се воплоти од Духот Свети и Марија Дјева и се вочовечи.

Кој беше распнат заради нас во времето на Понтиј Пилат и страдаше и беше погребан.

И Кој воскресна во третиот ден според Писмото.

И Кој се вознесе на небесата и седи оддесно на Отца.

И Кој пак ќе дојде со слава да им суди на живите и мртвите и Неговото Царство не ќе има крај.

И во Духот Свети, Господ, животворец, Кој од Отца исходи, Кој со Отца и Сина е сопоклонуван и сославуван, Кој говорел преку пророците.

Во едната, света, соборна и апостолска Црква.

Исповедам едно крштение за отпуштање на гревовите.

Го чекам воскресението на мртвите.

И животот во идниот век. Амин.

Откако ќе заврши читањето на Символот, Ѓаконот возгласува:

Да стоиме добро, да стоиме со страв, да внимаваме, светиот принос во мир да го принесеме.

Народот: **Милост мира, жертву хваленија.**

Свештеникот: Благодатта на Господа наш Исуса Христа, и љубовта на Бога и Отца, и заедницата на Светиот Дух, да бидат со сите вас. И го благословува Народот.

Народот: **И со духом твојим.**

Свештеникот ги подига обете раце и возгласува:

Горе да ги имаме срцата.

Народот: **Имами ко Господу.**

Свештеникот прекрстувајќи ги рацете на градите, се врти кон исток и возгласува:

Да му благодариме на Господа.

Народот: **Достојно и праведно јест.**

Свештеникот приклонет пред светата Трпеза го започнува светиот Принос, и ја кажува молитвата:

Достојно и праведно е да Те пееме, да Те благословуваме, да Те фалиме, Тебе да Ти благодариме, да Ти се поклонуваме на секое место на Твоето владеење. Зашто Ти Си Бог неискажлив, несфатлив, невидлив, недостиглив, Кој секогаш Си, на исти начин Си, Ти и единородниот Твој Син и Духот Твој Свет. Ти од небитие во битие нѐ преведе, и кога отпаднавме пак нѐ подигна, и не отстапи да правиш сѐ, додека на небо нас нѐ воведе и Твоето идно Царство ни го дарува. За сето тоа Тебе Ти благодариме, и на единородниот Твој Син и Духот

Твој Свет, за сите знајни и незнајни, видливи и невидливи добри дела што ни се направени. Ти благодариме и за оваа Литургија, за која нè држеше достојни од нашите раце да ја примиш, иако пред Тебе стојат илјади Архангели и миријади Ангели, Херувими и Серафими, шестокрили, многуоки, кои лебдат, крилати.

По завршувањето на молитвата Свештеникот возгласува:

Победната песна пеејќи ја, воскликнувајќи, извикувајќи и говорејќи.

Народот: **Свјат, Свјат, Свјат Господ Саваот, исполн небо и земља слави Твојеја: осана во вишних, благословен грјадиј во имја Господње, осана во вишних.**

Свештеникот приклонет се моли:

Со овие блажени сили, Владико, човекољубче, и ние воскликнуваме и говориме: Свет Си и пресвет, Ти и единородниот Твој Син и Духот Твој Свет. Свет Си и пресвет и величествена е Твојата слава, Ти, Кој толку го возљуби Твојот свет, така што и Синот Твој единороден да го дадеш, за секој кој верува во Него да не погине, туку да има живот вечен. Кој доаѓајќи и исполнувајќи го сиот домострој за нас, во ноќта во која беше предаден, подобро Самиот себе си се предаде за животот на светот, земајќи го лебот во Своите свети, и пречисти, и непорочни раце, благодарејќи, благослову-

вајќи, осветувајќи, прекршувајќи, им даде на светите Свои ученици и Апостоли велејќи:

Возглас: Земете, јадете, ова е моето тело, кое за вас се крши за отпуштање на гревовите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот: Пијте од неа сите, ова е крвта моја на Новиот Завет, која за вас и за мнозина се излева, за отпуштање на гревовите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот: Твои од Твоите Тебе принесувајќи Ти, за сите и за сè.

Народот: **Тебе појем, Тебе благословим, Тебје благодарим, Господи, и молим Ти сја, Боже наш.**

По ова Свештеникот и Ѓаконот кажуваат одредени молитви во олтарот, пред светата Трпеза. По завршувањето на молитвите:

Свештеникот: Особено за Пресветата, пречиста, преблагословена, славна Владичица наша, Богородица и секогашдјева Марија.

Народот: **Достојно јест јако во истину блажити тја Богородицу, присноблаженнују и пренепорочнују и матер Бога нашего. Честњејшују херувим и славњејшују без сравненија серафим, без истљенија Бога Слова рождшују, сушту Богородицу тја величајем.**

На Христовите и Богородичните празници, на ова место се пее ирмосот на деветтата песна од канонот на празникот.

Свештеникот: Најпрво, спомни го Господи, Архиепископот (или: Митрополитот, или: Епископот) наш (името), и дарувај го на светите Твои Цркви, во мир, цел, чесен, здрав, долгоденствен и правилно да управува со словото на Твојата вистина.

Ѓаконот: И оние кои секој на ум ги има, и сите и сè.

Народот: **И всјех и всја.**

Свештеникот приклонет се моли:

Спомни го Господи овој град, (или: ова село, или: овој манастир) во којшто престојуваме, и секој град и земја, и оние кои со вера престојуваат во нив. Спомни ги Господи оние кои пловат, патуваат, боледуваат, страдаат, заробените и нивното спасение. Спомни ги Господи плодоносците и добротворците во светите Твои Цркви, и оние кои се сеќаваат на сиромасите, и на сите нас испрати ни ја Твојата милост.

Возглас: И дај ни со една уста и едно срце, да го славиме и пееме, сечесното и великолепно име Твое, на Отца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот свртувајќи се кон Народот и благословувајќи го, говори:

И да бидат милостите на великиот Бог и Спасител наш Исус Христос, со сите вас.

Народот: **И со духом твојим.**

Ѓаконот: Откако ги спомнавме сите Светители, пак и пак во мир на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

За принесените и осветени чесни дарови на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Та човекољубивиот Бог наш, примајќи ги на светиот, и наднебесен, и мисловен Свој жртвеник како мирис на духовно благоухание, да ни испрати божествена благодат, и дар на Светиот Дух, да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Да нè избави од секаква скрб, гнев, опасност и нужда, на Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нè Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Цел ден, совршен, свет, мирен и безгрешен, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Ангел на мирот, верен водител, чувар на нашите души и тела, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Простување и отпуштање на нашите гревови и погрешки, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Добро и полезно за душите наши и мир на светот, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Останатото време од нашиот живот во мир и покајание да го завршиме, од Господа молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Христијански крај на нашиот живот, безболесен, непосрамен, мирен и добар одговор на страшниот Христов суд, молиме.

Народот: **Подај Господи.**

Единство во верата и заедница на Светиот Дух измолувајќи, самите себе и едни на другите и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народот: **Тебје Господи.**

Свештеникот: И удостој нè Владико, со смелост и неосудно да смееме да Те повикуваме, Тебе небесниот Бог Отец и да говориме:

Народот:

**Отче наш, Кој Си на небесата, да се свети името Твое, да дојде Царството Твое, да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата. Лебот наш насуштен дај ни го денес, и отпушти ни ги долговите наши, како што и ние им ги отпуштаме на нашите должници, и не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот.**

Свештеникот: Зашто Твое е Царството, и силата, и славата на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот го благословува Народот: Мир на сите.

Народот: **И духови твојему.**

Ѓаконот: Главите наши пред Господа да ги приклониме.

Народот: **Тебје Господи.**

Свештеникот: Со благодатта, и милосрдието, и човекољубието на Твојот единороден Син со Кого Си благословен, со пресветиот, и благ, и животворен Твој Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Ѓаконот: Да внимаваме.

Свештеникот: Светињата на светите.

Народот: **Једин свјат, једин Господ, Исус Христос, во славу Бога Отца. Амин.**

Веднаш после ова се пее причесниот, кој е одреден по типикот.

Во недела: **Хвалите Господа с небес, хвалите јего во вишних. Алилуја.**

Свештеникот: Со страв Божји, вера и љубов, пристапете.

Народот: **Благословен грјадиј во имја Господње, Бог Господ и јависја нам.**

Додека се причестуваат луѓето, Народот пее:

**Тјело Христово примите, источника бесмертнаго вкусите.**

По завршувањето на причестувањето:

Свештеникот: Спаси го, Боже, Народот Твој и благослови го Твоето наследство.

Народот: **Видјехом свјет истиниј, пријахом Духа небеснаго, обрјетохом вјеру истинују, нераздјељеј Троицје поклањајемсја; Та бо нас спасла јест.**

На Господовите празници и на нивните одданија на ова место се пее отпустителниот тропар на празникот.

Од Неделата на Пасха до одданието на празникот се пее: **Христос воскресе...**

Свештеникот: Благословен е нашиот Бог (тивко), постојано, сега и секогаш и во вековите на векови-те (гласно).

Народот: **Амин. Да испољњатсја уста наша хваленија твојего Господи, јако да појем славу твоју, јако сподобил јеси нас причаститисја, свјатим Твојим Божественим, безсмертним и животворјаштим Тајнам. Собљуди нас во Твојеј свјатињи, вес ден поучатисја правдје Твојеј. Алилуја. Алилуја. Алилуја.**

Ѓаконот: Исправени! Примајќи ги божествените, свети, пречисти, бесмртни, небесни и животворни, страшни Христови Тајни, достојно да Му благодариме на Господа.

Народот: **Господи помилуј.**

Заштити, спаси, помилувај и сочувај нѐ Боже со Твојата благодат.

Народот: **Господи помилуј.**

Целиот ден, совршен, свет, мирен и безгрешен измолувајќи го, самите себе и едни на другите и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народот: **Тебје Господи.**

Свештеникот ја чита молитвата: Ти благодариме, Владико човекољубче, добротворе на нашите души, зашто и во настапувачкиов ден нѐ удостои со Твоите небесни и бесмртни Тајни. Исправи го нашиот пат, утврди нѐ сите во Твојот страв, сочувај го нашиот живот, осигурај ги нашите чекори, по молитвите и застапништвата на славната Богородица и секогашдјева Марија и на сите Светители Твои.

Возглас:

Зашто Ти си осветување наше, и Тебе слава ти вознесуваме на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот вртејќи се кон Народот возгласува:

Со мир да излеземе.

Народот: **О имени Господњи.**

Ѓаконот: На Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Свештеникот излегува низ царските двери и свртен кон исток од амвонот ја чита:

## ОДАМВОННАТА МОЛИТВА

Господи, Ти Кој ги благословуваш оние кои Те благословуваат, и Кој ги осветуваш оние кои на Тебе се надеваат, спаси го народот Твој и благослови го наследството Твое, полнотата на Црквата Твоја сочувај ја, освети ги оние кои ја љубат красотата на Твојот дом. Ти нив прослави ги, со божествената сила Твоја и не нѐ оставај нас кои се надеваме на Тебе. Мир на Твојот свет дарувај му, на Црквите Твои, на свештениците, војската и сиот народ Твој. Зашто секое добро давање и секој совршен дар е од горе, слегува од Тебе Отецот на светлината, и Тебе слава, и благодарност и поклонение Ти вознесуваме, на Отца и Сина и Светиот

Дух, сега и секогаш и во вековите на вековите.

Народот: **Амин. Буди имја Господње, благословено од ниње и до вјека.** (три пати)

Потоа, Ѓаконот од олтарот возгласува:

На Господа да се помолиме.

Народот: **Господи помилуј.**

Свештеникот од царските двери го благословува Народот и говори:

Благословот Господов и милоста Негова, да дојде на вас, по Неговата благодат и човекољубие, постојано, сега и секогаш, и во вековите на вековите.

Народот: **Амин.**

Свештеникот: Слава Тебе Боже, надеж наша, слава Тебе.

Народот: **Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу, и ниње и присно и во вјеки вјеков. Амин. Господи помилуј, Господи помилуј, Господи помилуј, отче свјати благослови.**

Свештеникот дава Отпуст:

Ако е Недела или ден на Пасхалниот период: Кој воскресна од мртвите...

На Владичините празници пак, нивните карактеристични почетоци, а во останатите денови:

Христос вистинскиот Бог наш, по молитвите

на пречистата и пренепорочна света Мајка Негова, со силата на чесниот и животворен Крст, по застапништвата на чесните Бестелесни небесни сили, по молитвите на чесниот, славен Пророк, Претеча и Крстител Јован, (светителот на храмот ако е Пророк) светите славни и сефални Апостоли, (светителот на храмот ако е Апостол) светите Отци наши големи Јерарси и вселенски учители, (светителот на храмот ако е Јерарх) светиот Отец наш Јован Архиепископот константинополски Златоуст, светите славни и добропобедни Маченици, (светителот на храмот ако е Маченик) преподобните и богоносни Отци наши, (светителот на храмот ако е Преподобен) светите и праведни богоотци Јоаким и Ана, (светителот на денот) чиј спомен го празнуваме и на сите Светители, да нè помилува и спаси како добар и човекољубив.

Народот: **Амин.**

По Отпустот на Божествената Литургија, Свештеникот застанат пред царските двери го разделува антидорот (нафората), говорејќи му на секого одделно:

Благословот Господов и милоста Негова да дојде на вас.

А на последниот му говори:

По Неговата благодат и човекољубие, постојано, сега и секогаш и во вековите на вековите. Амин.

За време на разделувањето на антидорот (нафората), Народот може споро да псалта химна соодветна на празникот, катавасија, или полиелеен псалм или пак, типичниот 33-ти псалм. Може исто така да ги чита благодарствените молитви по причест.

По исполнувањето на химната, или на благодарствените молитви по причест, Свештеникот свртувајќи се кон исток, возгласува: По молитвите на светите Отци наши, Господе Исусе Христе Боже наш, помилуј нѐ. Народот: Амин; по што со благодарност на Бога за сѐ, излегува од олтарот.

Отпустителен тропар на свети Јован Златоуст гл.8-ми.

Од устата твоја, како светлината од огнот, заблиска благодат, вселената ја просветли, ризници на несреброљубие на светот му стекна, вистината на смиреномудриете нам ни ја покажа. Но, со твоите зборови воспитувајќи нѐ, отче Јоване Златоусте, моли го Христа Бога Словото, да ги спаси нашите души.

Слава... кондак гл.6-ти.

Од небесата си примил божествена благодат, и со твоите усни сите нѐ учиш да му се поклонуваме на едниот Бог во Троица, Јоване Златоусте, себлажени, преподобни, достојно те фалиме, зашто си наставник кој ги јавува божествените.

И сега и секогаш… Богородичен гл.6-ти.

Заштитништво на христијаните непосрамно, посредништво кон Творецот незаменливо, не презирај ги молбените гласови на грешните, но притекни како Блага, напомош, нам кои со вера те викаме. Побрзај на молитвата и поитај на молењата, Богородице секогаш заштитничке на оние кои те почитуваат.

или кондак гл. 4-ти.

Небо многусветло Црквата се покажа, просветлувајќи ги сите верни, во неа стоејќи повикуваме: Овој дом утврди го, Господи.

## Крај
## на Божествената Литургија на светиот Отец наш Јован Златоуст